*АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА НА АДВОКАТ ГРОЗДАНЧО СУТИНОВ ул.ЦАР САМОИЛ бр.8 од Велес*
*тел.070/806-049 , 071/306-049 и 043/223-106*
*сметка број 240290001014295 даночен број 5004005114733*
*депонент Универзална Инвестициона банка АД Скопје*
*e-mail: adv_sutinov@t-home.mk*

*ДО*
*Комисија за заштита на конкуренцијата*
*Ул.Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6-ти кат )*
*Скопје*
*Врска ваш број* заклучок за поведување на прекршочна постапка под број 09-34/2 од 05.11.2014 година

***Предмет: Достава на побараните документи и Известување по основ на заклучок за поведување на прекршочна постапка под број 09-34/2 од 05.11.2014 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата***

Од Здружение на Приватни Лекари на Р.М преставувано од Претседателот Д-р Лилија Чолакова-Дервишова застапувано од Адвокат Грозданчо Сутинов од Велес.

Согласно со вашиот заклучок под број 09-34/2 од 05.11.2014 година донесен од Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата Чедомир Кралевски со кој барате и го задолжувате Здружението на приватни лекари на Р.М до Вас како Комисија да ви ги достави побараните податоци во прилог Ви ги доставувамеистите и тоа :

-Извод од Централен Регистар на Р.М за тековната состојба под број 0809-50/150620140005619 од 13.11.2014 година на ЦР на РМ

-Биланс за успех за 2013 година;

-Жиро сметка на Здружението на Приватни Лекари на Р.М гласи : 300000000032240 депонент банка Комерцијална Банка АД Скопје;

-ЕДБ 4030997339917

Билансот за успех за 2013 на Здружението на приватни лекари на Р.М како податок преставува деловна тајна и ви го доставуваме како доверлива верзија без на истиот да бидат бришани податоците.

# П О С Е Б Н О  Б А Р А Њ Е

**Согласно член 44 од Законот за заштита на конкуренцијата Здружението на Приватни Лекари на Р.М бара да биде закажана усна и јавна расправа по барањето за поведување на прекршочна постапка заради правилно утврдување на фактичката состојба на која да бидат повикани Претседателот на На Здружението на Приватни Лекари на Р.М Др-Лилија Чолакова-Дервишова и полномошникот на Здружението на Приватни Лекари на Р.М Адвокат Сутинов Грозданчо од Велес .**

Што се однесува до наводите во барањето за поведување на прекршочна постапка ИСТИТЕ СЕ НЕТОЧНИ И НЕ ГИ ПРИЗНАВАМЕ ОД СЛЕДНИВЕ ПРИЧИНИ :

Член 3 ст.40 од Законот за Трговски друштва гласи

**"Претпријатие" претставува збир од права, ствари и фактички односи кои имаат имотна вредност и кои припаѓаат кон трговската дејност на трговецот, при што овие елементи ја сочинуваат активата на трговецот, но ги опфаќаат и неговите обврски.**

**Претпријатието претставува целосен и самостоен правен објект кој може да биде во промет;**

Член 8 од Законот за Трговски друштва гласи :

**Физички лица кои не се сметаат за трговци Член 8**

(1) За трговци, во смисла на овој закон, не се сметаат:

1) физичките лица кои вршат земјоделска и шумарска дејност (индивидуални земјоделци), освен ако нивната дејност може да се води како претпријатие, во смисла на членот 4 став 1 од овој закон;

2) занаетчиите и физичките лица кои вршат услуги, освен ако нивната дејност може да се определи како претпријатие, во смисла на членот 4 став (1) од овој закон и

3) физичките лица кои вршат угостителски услуги со издавање соби во своите живеалишта.

**(2) Физичките лица кои се занимаваат со слободни занимања (адвокати,нотари, лекари и други), не се сметаат за трговци во смисла на овој закон.**

На Здружението на Приватни Лекари на Р.М му се става на Товар дека со тоа што не постапило по заклучок бр. 07-251-1 од 06.10.2014 година сторило прекршок по член 61 ст.1 т.1 од законот за заштита на конкуренцијата .

Бидејќи на страна 3 од барањето за поведување на прекршочна постапка се наведува дека Здружението на Приватни Лекари на Р.М не постапило по заклучок бр. 07-251-1 од 06.10.2014 година со кој му било побарано на Здружението на Приватни Лекари на Р.М да достави податоци во побараниот рок и дека согласно тоа и член 3 став 2 од законот за заштита на конкуренцијата се применувал на претпријатијата и здруженијата на претпријатија и согласно член 5 ст.1 алинеја 1 од законот за заштита на конкуренцијата „ претпријатие„ е с секој вид на на деловен потфат без оглед како е истиот е организиран па поради тоа согласно член

5 ст.1 алинеја 1 од законот за заштита на конкуренцијата давањето на лекарски /здравствени услуги преставува вршење на економска активност и лекарите преставувале претпријатие во смисла на член 5 ст.1 алинеја 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Член 61 ст.1 т.1 од законот за заштита на конкуренцијата .

(1) Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако:

1) не постапи по заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на членовите 40, 48 и 49 од овој закон;

Бидејќи Здружението на Приватни Лекари на Р.М. достави известување повикувајќи се на стварна и законска ненадлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата да бара известување од Здружението на Приватни Лекари на Р.М бидејќи согласно цитираниот член 3 ст.40 и член 8 од Законот за Трговски друштва ЛЕКАРИТЕ НЕ ПРЕСТАВУВААТ ПРЕТПРИЈАТИЈА НИТУ ПАК ПРЕСТАВУВААТ ТРГОВЦИ ВО СМИСЛА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ,А ПА ОД ТУКА И ЗАКЛУЧОКОТ НА Здружението на Приватни Лекари на Р.М ДЕКА КОМИСИЈАТА НЕМА ЗАКОНСКИ ОСНОВ ДА ГИ БАРА ТИЕ ПОДАТОЦИ ОД Здружението на Приватни Лекари на Р.М.

Но и покрај даденото известување од Здружението на Приватни Лекари на Р.М заведено кај Комисијата за заштита на конкуренцијата под број 07-251/2 од 22.10.2014 година сепак Комисијата смета дека со тоа што не се дадени бараните податоци е сторен прекршокот од член 61 ст.1 т.1 од законот за заштита на конкуренцијата.

Како во конкретниов случај произнесувањето по заклучок под број 07-251/1 од 06.10.2014 година донесен од Генералниот Секретар Розана Ванковска од Здружението на Приватни Лекари на Р.М е извршено со тоа што Здружението на Приватни Лекари на Р.М се повикало на со закон дадено право согласно одредбите од ЗОУП за стварна и месна ненадлежност не може да стане збор дека е сторен прекршок од член 61 ст.1 т.1 од законот за заштита на конкуренцијата .

Повикувањето на Пресуда У-5.бр.907/2010 од 03.05.2012 година на Управниот Суд на Р.М. и Пресуда УЖ.бр. 1047/202 од 08.10.2012 година на Вишиот Управен Суд на Р.М нема законски основ ДА БИДАТ ИЗВЕДЕНИ КАКО ДОКАЗИ БИДЕЈЌИ СУДСКИТЕ ПРЕСУДИ и тоа : Пресуда У-5.бр.907/2010 од 03.05.2012 година на Управниот Суд на Р.М. и Пресуда УЖ.бр. 1047/202 од 08.10.2012 година на Вишиот Управен Суд на Р.М НЕ ПРЕСТАВУВААТ ИЗВОР НА ПРАВОТО ВО РЕПУБЛИКА

МАКЕДОНИЈА И НЕ МОЖАТ ТИЕ ПРЕСУДИ ДОНЕСЕНИ ВО ДРУГИ ПРЕДМЕТИ ДА БИДАТ КОРИСТЕНИ КАКО ДОКАЗИ ВО ОВОЈ ПРЕДМЕТ ВО КОЈ ДРУГИ ЛИЦА СЕ СТРАНКИ ДРУГИ И ПОРАДИ ТОА КОМИСИЈАТА ТРЕБАЛО ДА СЕ ПРОИЗНЕСЕ ПО ОДНОС НА ИСТАКНАТИОТ ПРИГОВОР ЗА НЕМАЊЕ НА СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ,А НЕ ДА НОСИ И ДА ПОВЕДУВА ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

БИДЕЈЌИ ВО ЧЛЕН 31 од законот за заштита на конкуренцијата ЈАСНО Е ОПРЕДЕЛЕНО ДЕКА ВО ОВОЈ ЗАКОН СЕ ПРИМЕНУВААТ ЗАКОНОТ ЗА ОПШТА УПШРАВНА ПОСТАПКА И ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ ,А КАКО ВО КОНКРЕТНИОВ СЛУЧАЈ СОГЛАСНО ТИЕ ЗАКОНИ АКО СЕ ИСТАКНЕ ПРИГОВОР ЗА НЕМАЊЕ НА СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ НА ТОЈ ОРГАН ИСТИОТ ОРГАН ТРЕБА ДА СЕ ПРОИЗНЕСЕ ПО ТОЈ ПРИГОВОР,А НЕ ДА ПОВЕДУВА ПОСТАПКА ЗА ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ ОСНОВАН Е НАВОДОТ ДЕКА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЛЕКАРИ ГО НЕМА СТОРЕНО ПРЕКРШОКОТ КОЈ МУ СЕ СТАВА ТОВАР.

Повторно Ви посочуваме дека :

Здружението на приватни лекари на Р.М Скопје согласно Статутот и регистрацијата во Централниот Регистар на Р.М преставува и е Здружение на граѓани во кој што членуваат граѓани на Република Македонија кој по професија се лекари.

Посебното барање е истакнато согласно член 44 од законот за заштита на конкуренцијата за да Здружението на Приватни Лекари на Р.М да учествува во правилно утврдување на фактичката состојба и да бидат повикани Претседателот на На Здружението на Приватни Лекари на Р.М Др-Лилија Чолакова-Дервишова и полномошникот на Здружението на Приватни Лекари на Р.М Адвокат Сутинов Грозданчо од Велес.

Од тие причини наводите во барањето за поведување на прекршочна постапка се неосновани

Прилог:Полномошно ,Извод од Централен Регистар на Р.М за тековната состојба под број 0809-50/150620140005619 од 13.11.2014 година на ЦР на РМ , Биланс за успех за 2013 година; известување за жиро сметка на Здружението на Приватни Лекари на Р.М под број 300000000032240 депонент банка Комерцијална Банка АД Скопје и известување за ЕДБ 4030997339917 на Здружението на Приватни Лекари на Р.М

датум:
14.11.2014

Полномошник
Адвокат Грозданчо Сутинов